Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животната средина („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. (Сл. весник на РМ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10,124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18)), **Градоначалникот на Општина Аеродром,** на ден 22.12.2020 година, донесе

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА АЕРОДРОМ
Сектор за комунални работи, урбанизам и заштита и унапредување на животната средина
Бр. 16-1693/4
22-12-2020 год.
СКОПЈЕ

## Одлука за неспроведување на стратегиска оцена

1. За планскиот документ **Детален Урбанистички план за градска четврт ЈИ09 блок 09.01, Општина Аеродром, Скопје** која се носи согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 I 168/18), Правилникот за поблиска содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистички планови (Сл. весник на РМ бр.142/15) и Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17, 86/18), не е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животната средина.

2. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на општина Аеродром на следната веб адреса/и: www.aerodrom.gov.mk

**3.** Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од член 65 став (4) од Законот за животна средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата, содржината и образецот на одлуката за спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена и на формуларите за потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена донесувањето на планскиот документ- **Детален Урбанистички План за градска четврт ЈИ09 блок 09.01, Општина Аеродром, Скопје** нема да има влијание врз животната средина од следните причини: **планот се донесува врз основа на Генералниот Урбанистички план на град Скопје 2012-2022 за кој што е спроведена стратегиска оцена за влијанието врз животната средина. Намените на земјиштето се усогласени со ГУП на Град Скопје 2012-2022 година, а компатибилните намени се во соглсзност со Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање.**

4. Против оваа одлука може да се поднесе жалба до општина Аеродром во рок од 15 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната.

**Изработил:**
Сандра Шутиноска, д.и.а

**Контролирал и одобрил:**
Страшко Хаџи Коцев, д.и.а

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА АЕРОДРОМ**
**Златко Марин**

22.12.2020 год.
Скопје

Република Северна Македонија - Општина Аеродром • Скопје •

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА АЕРОДРОМ
Сектор за комунални работи, урбанизам и
заштита и унапредување на животната средина
Бр. 16-1693/5
22-12-2020 20 ___ год.
СКОПЈЕ

| Податоци за органот кој го изработува планскиот документ | |
|---|---|
| Назив на планскиот докумет | Детален Урбанистички план за градска четврт ЈИ09 блок 09.01, Општина Аеродром, Скопје - Плански период 2020-2025 година |
| Орган надлежен за изработка на планскиот документ | Друштво за планирање, проектирање и инженеринг ТАЈФА ПЛАН ДОО Скопје |
| Орган надлежен за донесување на планскиот документ | Општина Аеродром |

| Податоци за изработувачот на планскиот документ | |
|---|---|
| Име на лицето овластено за подготвување на планскиот документ | Лидија Андреевска - овластен планер потписник<br>Снежана Јовановска - овластен планер потписник |
| Назив на работното место | Дипломиран инженер архитект -планер потписник |
| Контакт податоци за лицето | 02 32 11 109 |

| Основни податоци за планскиот документ |
|---|
| Од што произлегува донесувањето на планскиот документ? (пр. законска обврска или друга одредба) |
| Законска обврска |
| Дали се донесува нов плански документ или се вршат измени на постојниот? |
| Да☒<br>Не☐ |
| Доколку се врши измена на постоечки плански документ наведете го називот на стариот плански документ и причините за негово изменување? |
| Се донесува нова планска документација |
| Дали планскиот документ опфаќа област определена со член 65 став 2 од Законот за животна средина? Доколку одговорот е ДА наведете ја областа. |
| Не |
| Дали планскиот документ е определен со уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето. Доколку е определен наведете ја точката и алинејата под која е определен. (пр. член 3, точка 1, алинеја 5) |

| Да ☐<br>Не ☒ | Член: | Точка: | Алинеја: |
|---|---|---|---|

| |
|---|
| Дали со планскиот документ се планира реализирање на проект што е предвиден со Уредбата за определување на проектите и критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапка за оцена на влијанието врз животната средина. Доколку одговорот е позитивен наведете за каков проект станува збор. |
| Не |
| Дали планскиот документ опфаќа користење на мала област од локално значење како што е определено со член 65 став 3 од Законот за животна средина. Доколку одговорот е ДА, наведете ја површината на областа и нејзиното значење. |
| Не |
| Да се наведе целта на донесување на планскиот документ и да се опише клучната одлука која ќе се донесе. |
| Деталниот урбанистички план за градска четврт ЈИ09 блок 09.01, Општина Аеродром се донесува за плански опфат за кој е донесен Генерален урбанистички план и се изработува во една фаза како предлог план. Деталниот урбанистички план како основна цел ги има зацртано насоките на идниот просторен развој со создавање на услови за планирање на организирани простори согласно законска регулатива, одредување на намена на градежни парцели со компатибилни намени на основната класа на намена која е дефинирана со законска регулатива. |
| Предмет на планскиот документ. (пр. транспорт, планирање на просторот и сл.) |
| Планирање на просторот |
| Периодот за донесување на планскиот документ. |
| 2020-2025 |
| Предвидено ревидирање на планскиот документ. Доколку е предвидено ревидирање, на колку години? |
| Во рамки на предвидениот плански документ |
| Простор или област опфатени со планскиот документ. (пр. географска област, добро е да се прикачи мапа) |
| Планскиот опфат е дефиниран со следните граници:<br>- На северозапад: оска на Бул. ,,Србија'' и ул. ,,Димитар Македонски'' (ул.С4)<br>- На североисток: оски на ,,12та Македонска Бригада'' и ,,ул.Мите Богоевски''<br>- На југоисток: оска на ул,,Мите Богоевски -1'' |

| |
|---|
| - На југозапад:оска на железничка линија Скопје-Гевгелија |
| Целите и/или предлог целите што треба да се постигнат со реализирањето на планскиот документ и дали истите се содржани во акт или документ. |
| Да ☒<br>Не ☐ |
| Дали е приложена копија од целите? |
| Да ☐<br>Не ☒ |

| Резиме на влијанијата врз животната средина<br>(Да се определи дали имплементацијата на планскиот документ ќе предизвика значително влијание врз животната средина, потребно е да ги пополните прашањата кои следат подолу како водич за определување на значителното влијание на ефектите врз животната средина, а кои се во согласност со Уредбата за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето.) | |
|---|---|
| Потенцијалните влијанија врз животната средина од планскиот документ.<br>Со реализација на планскиот документ предвидените површини за градење и нивната реализација зависат од урбанистичките параметри кои се составен дел од планската документација. Овој плански документ ги содржи сите потребни мерки од сите аспекти и воедно нема посебно влијание врз животната средина на околината. Планскиот опфат е опфатен во граница на ГУП на град Скопје 2012-2022 и Регулациски план на ГУП на град Скопје за четврт ЈИ09. | |
| Веројатноста, времетраењето, фреквентноста и повратноста на влјанијата; | Во предметниот план се предвидени објекти согласно намената на ГУП 2012 - 2022 година. Дел од објектите се постојни а останатите се новопланирани згради. |
| Кумулативната природа на влијанијата врз животната средина и животот и здравјето на луѓето | Предвидените површини во планскиот опфат не влијаат негативно врз животната средина |
| Прекугранична природа на влијанијата; | Нема |
| Ризиците по животот и здравјето на луѓето и животната средина (пр. како резултат на несреќи); | Нема ризици по животот и здравјето на луѓето и животната средина |
| Опсег и просторниот обем на влијанијата (географска област и големината на популацијата која ќе биде засегната). | Површината на планскиот опфат изнесува 21,79 ха. Површината на опфатот во рамки на регулациона линија изнесува 18,27 ха. |
| Потенцијалните економски и социјални влијанија кои би ги предизвикал планскиот документ како што се: | |
| Овој плански документ позитивно ќе влијае на економските и социјалните аспекти на ова подрачје. | |
| Вредноста и ранливоста на областа која ќе биде засегната со донесување на планскиот документ:<br>Со изградба на планираните објекти ќе се зголеми вредноста на урбаниот локалитет. | |
| Посебни природни карактеристики или културно наследство | Нема |
| Надминувањата на стандардите за квалитет на животната средина или граничните вредности | Не се очекуваат надминување на стандардните вредности ниту намалување на квалитетот на животната средина. |
| Интензивна употреба на земјиштето | Локалитетот во кои се планирани нови градби преставува градежно земјиште кое е опфатено со ГУП |

| | |
|---|---|
| | на град Скопје 2012-2022 година |
| Влијанијата врз областите или пејсажите кои имаат признати статус на национални или меѓународни заштитени подрачја. | Нема |

Објаснете го степенот до кој планскиот документ поставува рамка за спроведување на проекти и други активности, во однос на локацијата, природата, големината и условите за работа или според одредувањето на ресурсите:

Во рамките на планскиот опфат се планираат објекти кои се во согласност со ГУП на град Скопје 2012-2022 година

Објаснете ја околината во близина на проектот односно активноста која се планира да се спроведе со планскиот документ од аспект на можни влијанија врз животната средина. (пр. планот предвидува изградба на резиденцијални објекти во близина на индустриска зона, објаснете дали индустриската зона ќе има влијание врз животната средина на планираните резиденцијални проекти):

Новопредвидените површини за градење се во согласност со ГУП на град Скопје и со реализација на новопланираните површини и нивното функционирање нема да иманегативно влијание врз околината и животната средина

Објаснете ја важноста на планскиот документ за вклучување на аспектот на заштита на животната средина особено во поглед на промовирањето на одржливиот развој:
(Да се наведе дали обемот на планскиот документ придонесува кон одржливоста и намалување на еколошките проблеми. Пр. еден инфраструктурен план може да има поголеми влијанија врз животната средина отколку некој образовен план на наставните планови)

Со планскиот документ дополнително не се оптеретува животната средина и притоа нема да се создаваат еколошки проблеми во Општината.

Кои еколошки проблеми се релевантни за планскиот документ. Опишете зошто истите се релевантни и опишете ја нивната природа и сериозност.
(Објаснете ги проблемите кои спроведувањето на планскиот документ може да ги предизвика или да доведе до нивно зголемување, проблемите кои може да го забават неговото спроведување, како и проблеми кои спроведувањето на планскиот документ може да ги реши или намали.)

Нема

Објаснете како планскиот документ кој е предмет на разгледување е поврзан со друг/и плански документ/и во хиерархијата на планирање. Наведете го називот на тој/тие плански документ/и и наведете ги клучните влијанија на тие плански документи врз животната средина.Определете ги разликите во клучните одлуки што се носат со предметниот плански документ и другите плански документи кои биле или ќе бидат предмет на оцена.

Планскиот документ кој е предмет на разгледување е во непосредна врска со Генералниот урбанистички план на град Скопје 2012-2022.

Доколку потенцијалните влијанија на клучните одлуки во планскиот документ веќе биле предмет на оцена или веќе биле разгледани во други плански документи во некоја поранешна фаза, резимирајте ги главните заклучоци на таа оцена и како тие заклучоци се користени во процесот на одлучување. Опишете дали претхходно спроведената оценка е направена согласно најновите сознанија за влијанијата врз животната средина со цел да може истата да се користи во процесот на усвојување на постоечкиот плански документ.

Потенцијалните влијанија од предметниот плански документ биле предмет на оцена во поранешна фаза на донесување на документација од повисоко ниво и тогаш се усогласени и разработени сите мерки за заштита на животната средина.

Доколку потенцијалните влијанија од клучната одлука во овој плански документ ќе биде оценета во некоја подоцнежна фаза на планирање на пониско ниво, наведете како ќе

<table>
<tr><td colspan="3">обезбедите влијанијата што се утврдени во оваа фаза на донесување на планскиот документ да се земат во предвид при носењето на одлуката во подоцнежната фаза (пр. се спроведува стратегиска оцена на урбанистички план во кој се предвидува изграба на објект кој подлежи на постапка на оцена на влијанието врз животната средина).<br>Доколку би се појавиле било какви влијанија кои ќе подлежат на нови оценувања истите би се оградиле во документацијата од повисоко ниво, така да при изработката на новата планска документација ќе биде почитувана одлуката на надлежната институција.</td></tr>
<tr><td>ИЗЈАВА</td><td colspan="2">Изјавуваме дека податоците дадени во овој формулар се точни, вистинити и комплетни.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Функција, име и презиме и потпис на лицето кој го носи планскиот документ во име на органот</td><td>Раководител на одделение за урбанизам и подготовка на урбанистички планови<br>Страшко Хаџи Коцев<br><br>Градоначалник на Општина Аеродром - Златко Марин</td></tr>
<tr><td colspan="2">Датум 22.12.2020<br>Место Скопје</td><td>М.П.</td></tr>
</table>

Република Северна Македонија - Општина Аеродром • Скопје •